


# САМОСТОЕН СПЕЦИЈАЛИСТ – ОВЛАСТЕН ПРОЦЕНИТЕЛ

## Senior Specialist - Certified appraiser

**Локација:** Скопје

**Оддел:** Дирекција за Стратешко управување со ризици/Служба за Управување со колатерали

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**200 години групациско искуство Erste & Steiermärkische Sparkasse**

**35 експозитури**

**повеќе од 200.000 клиенти во земјата**

**посветеност,кредибилитет и сигурност**

### Што ќе биде твојата улога

- Ќе вршиш процена и репроцена на колатерал, во согласност со интерните и групациските стандарди на Банката
- Ќе анализираш вредносни и формални аспекти на понудено или постоечко обезбедување
- Ќе извршуваш теренски увид на понудено и постоечко обезбедување со цел подготовка на извештаи за процена
- Ќе спроведуваш супервизија на процесите на процена и репроцена
- Ќе учествуваш во управување и ажурирање на листата на надворешни проценители и консултанти во делот на процена на обезбедување
- Ќе придонесуваш во развој и унапредување на политики, процедури и методологии поврзани со процената на обезбедување
- Ќе следиш и анализираш пазарни трендови релевантни за вреднување на колатерал

### Кои квалификации се потребни

- Високо образование (Градежен факултет се смета за предност)
- Минимум 3 години релевантно работно искуство во областа
- Уверение за положен испит за проценувач од областа на недвижен имот (предност е дополнително уверение за проценувач на машини и опрема, подвижни и/или транспортни средства)
- Возачка дозвола Б категорија (активен возач)
- Познавање на релевантна регулатива и стандарди (предност е искуство со групациски/меѓународни стандарди)
- Развиени аналитички, организациски и комуникациски вештини, со внимание на детали и ориентираност кон резултати
- Познавање на MS Office пакет (особено Excel)
- Активно познавање на англиски јазик (пишување, разбирање и комуникација)

### Кои ќе бидат твоите придобивки

- Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse
- Приватно здравствено осигурување
- Конкурентна плата и дополнителни надоместоци
- Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух
- Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee's wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивациско писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **25.06.2026 година** со назнака „Самостоен специјалист - Овластен Проценител**".**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #КариераБезБариера #верувајвоиднината**

Те очекуваме!